# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ И УЧЕЊЕ**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден 03.10.2025 година, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за развој на организациски систем за мониторинг и учење (Monitoring & Learning – M&L)** со цел да се воспостави функционален механизам за следење на напредокот, влијанието и ефективноста на тековен проект на организацијата, како и за обезбедување континуирано унапредување, учење, транспарентност и отчетност во неговото спроведување.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот „**Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки**“, поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, да имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

**Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк:**
Самоидентификуваните сексуални работнички во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

## 2. Цел на ангажманот

Целта на повикот е избор на стручно лице кое ќе дизајнира, развие и предложи функционален систем за мониторинг и учење, усогласен со целите на проектот и потребите на здружението.

## 3. Опис на задачите

Експертот/ката ќе биде одговорен/а за:

1. Спроведување анализа на постојната состојба и потребите на здружението, преку консултации со проектниот тим;
2. Развој на систем за мониторинг и учење;
3. Дизајнирање алатки за мерење успех на индикатори (прашалници, шаблони за интервјуа, онлајн форми и сл.);

4. Воспоставување механизми за собирање и анализа на податоци и известување;
5. Развој на механзими за учење и користење на податоци;
6. Организирање еднодневна обука и менторство за проектниот тим во однос на користење на системот, анализа и толкување на податоци и учење базирано на податоци.
7. Изготвување финален извештај кој го документира целиот процес во практичен водич и вклучува препораки за одржување, подобрување и адаптација на воспоставениот систем.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот **од 01.11.2025 до 15.12.2025 година**, со вкупно предвидени **10 работни дена** за консултации, развој, обука и испорака на финален извештај.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари (USD).

## 6. Критериуми за избор

- Искуство во развој на системи за мониторинг и евалуација (M&E) или мониторинг и учење (M&L)
- Познавање на проектен менаџмент и работа во граѓански сектор;
- Искуство со градење капацитети и обуки поврзани со мониторинг и известување;
- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува комисија за евалуација и избор најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Мотивациско писмо со опис на релеватно искуство во развој на системи за мониторинг и евалуација (M&E) или мониторинг и учење (M&L);
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма/методологија за развој на системот;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари.

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**Јавен повик – Експерт/ка за развој на систем за мониторинг и учење**
на следната електронска адреса: star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **17.10.2025 година,16:00 часот**.
Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до **23.10.2025** година.